**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**

**Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ**

**Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

***ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И КОНТРОЛА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА***

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **ј у н и, 2023**




**Скопје, 12.07.2023**

Во текот на јуни 2023 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **1.096** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **59,7 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец јуни е за 3,4% помал во однос на претходниот месец мај 2023 (n=1.134). Во однос на месец јуни 2022 (n=605) се регистрира зголемување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 81,2%, додека во однос на аритметичката средина за петгодишниот период (n=1.741), се регистрира намалување од 37,0%. *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2023 година, регистрираните случаи во месец јуни учествуваат со 16,4%. Кумулативниот број на пријавените во 2023 (n=6.701) е за 3,2 пати зголемен во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=2.085).

***Графикон 1**. Број на пријавени лица со заразни болести по месеци во 2023 и аритметичка средина*




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=517; 47,2%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=19; 1,7%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Прилеп (I=111,5/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Охрид (14,9/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Кавадарци (I=161,9/100.000) и во Крива Паланка (I=158,0/ 100.000), а во месец јуни, 4 ПЕ не пријавиле заболени лица до ИЈЗ од територијата што ја покриваат *(Табела 1 во Прилог, Картограм)*.

***Графикон 2**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во јуни, 2023*




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во јуни учествуваат со 99,2% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 59,2/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во јуни, 2023*

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| **Овчи сипаници** | 760 | 41,4 |
| **Ентероколитиси** | 214 | 11,7 |
| **Скарлатина** | 37 | 2,0 |
| **Салмонелози** | 27 | 1,5 |
| **Инфективна мононуклеоза** | 17 | 0,9 |
| **Шуга** | 13 | 0,7 |
| **Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации** | 7 | 0,4 |
| **Вирусен хепатитис Б** | 5 | 0,3 |
| **Вирусни менингитиси** | 4 | 0,2 |
| **Инфекции со Хламидија** | 3 | 0,2 |
| **Вкупно** | **1.087** | **59,2** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколити, n=974), учествуваат со 88,9% во вкупниот број на заболени, а со 89,6% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец јуни 2023 година.

Во текот на јуни, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчи сипаници** со вкупно 760 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 69,3%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 69,9%.

Во однос на претходниот месец мај 2023 (n=872), се регистрира намалување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 12,8%, а во однос на месец јуни 2022 (n=310) се регистрира зголемување за 2,5 пати.

Во однос на аритметичката средина (n=759) се регистрира незначително зголемување од 0,1%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2023 (n=5.146), пријавените случаи во јуни учествуваат со 14,8%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 година (n=6.701), овчи сипаници учествуваат со 76,8%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2023 (n=5.146) е за 4,5 пати поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2022 (n=1.149).

На второ место по број на пријавени заболени во месец април се **ентероколитите**, со 214 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 19,5%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 19,7%.

Во однос на претходниот месец мај 2023 (n=151), се регистрира зголемување на бројот на заболени лица од ентероколити за 41,7%, а во однос на месец јуни 2022 (n=184) се регистрира зголемување од 16,3%.

Во однос на аритметичката средина (n=730) се регистрира намалување од 70,7%.

Во вкупниот број на пријавени ентероколити во 2023 (n=939), бројот на заболените во јуни учествуваат со 22,8%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 година (n=6.701), учеството на ентероколити е 14,0%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколити во 2023 (n=939) е зголемен за 70,4% во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=551).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во јуни, најголем број припаѓаат на **капкови заболувања** (n=817; 74,6%) *(Графикон 3),* со инциденца од 44,5/100.000. Од нив, најголем број, процент (n=760; 93,0%) и инциденца (I=41,4/100.000) чинат пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени 37 случаи на скарлатина (I=2,0/100.000) и 17 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,9/100.000).

Во месец јуни, пријавени се 249 случаи на заболени од групата на **цревни заболувања** (22,7%; I=13,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=214; 85,9%) и инциденца (I=11,7/100.000), се пријавите за ентероколитиси. Пријавени се и 27 случаи на салмонелози (I=1,5/100.000), 7 случаи на бактериски алиментарни инфекции /интоксикации и еден случај на кампилобактериоза.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 9 заболени лица (0,8%; I=0,5/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 5 случаи на вирусен хепатитис Б (I=0,3/100.000), 3 случаи на инфекција со хламидија и еден случај на сифилис. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец јуни, пријавен е еден случај на ехинококоза *(Графикон 3)*.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во јуни се регистрирани 20 случаи (1,8%; I=1,1/100.000) (*Графикон 3*), од кои 20 случаи на шуга, 4 случаи на вирусен менингитис и по еден случај на бактериски менингит, хеморагична треска со бубрежен синдорм и денга треска.

Регистрираниот случај на хеморагична треска со бубрежен синдорм е 16-годишно машко лице од Велес, хоспитализирано на УК за Нефрологија. Инфекцијата е стекната при посета на сопствена викендица во Велешкиот регион каде е евидентирано присуство на глувци и секрети и екскрети од глувци во куќата и во околината.

Регистрираниот случај на денга е 21-годишно женско лице од Велес, хоспитализирано на КИБФС. Инфекцијата е стекната при туристичка посета на Малдиви. Симптомите започнале 4 дена по враќањето од Малдиви, што одговара на периодот на инкубација на болеста, односно заклучено е дека се работи за импротиран случај на Денга треска.

***Графикон 3**: Структура на заболени по групи на заболувања во јуни, 2023*




## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец јуни, пријавени се 4 случаи на ХИВ/СИДА.

Од пријавените лица, сите се од машки пол. Две лица се од Скопје и по едно лице од Делчево и Демир Хисар (*Табела 3 во Прилог*). Лицата се на возраст од 25-34 години. Две лица се МСМ, а две лица се хетеросексуалци.

Во текот на месец јуни не се регистрирани смртни случаи од ХИВ/СИДА.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.06.2023), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2023, изнесува 606, и тоа:

- 123 лица починале,
- 483 лице живеат со ХИВ/СИДА.

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во мај 2023 се регистрирани 5 случаи со инциденца од 0,3/100.000 жители, сите со вирусен хепатитис Б. (*Табела 2 во Прилог*).

Регистрираните случаи на вирусен хепатитис Б според возраста на заболените, не подлежат на имунизација, согласно календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

## СОСТОЈБАТА СО COVID-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во Р. Северна Македонија во текот на месец јуни, пријавени се вкупно 29 случаи на COVID-19 (I=1,6/100.000).

Во однос на претходниот месец мај 2023 (n=118), се регистрира намалување на бројот на пријавени од КОВИД-19 за 75,4%, а во однос на месец јуни 2022 (n=2.200) се регистрира намалување за 75,9 пати.

Од заболените во јуни 2023, најголем број на заболени (n=10) се пријавени од Скопје, а највисока инциденца (9,1/100.000) се регистрира во Охрид. Девет од заболените лица се реинфекции.

Во текот на месецот, регистрирани се 29 оздравени лица, а не беше пријавено починато лице. Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната група над 60 години (n=18; 62,1%).

Во текот на месец јуни, тестирани се вкупно 1.034 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со намалување од 60,2% во однос на минатата недела (n=2.601).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.05.2023, пријавени се вкупно 348.357 потврдени случаи на COVID-19 (I=18.966,3/100.000) и 9.940 смртни случаи (Mt= 541,2/100.000; CFR=2,9%).

Бројот на аплицирани дози на КОВИД-19 вакцина во текот на месец јуни 2023 година изнесува вкупно 16, од тоа 8 се прва доза, 8 како втора доза.

Заклучно со 30.06.2023, вакцинирани се вкупно 876.136 лица со барем една доза на вакцина против COVID-19 во државата и странство. Комплетно вакцинирани (со две дози) се вкупно 857.218 лица.

***Табела 2**: Вакцинација против КОВИД-19 во РСМ*

| Доза вакцина КОВИД-19 | % вакцинирани над 18 години | % вакцинирани вкупно население |
|---|---|---|
| **1 доза** | 59,7% | 47,7% |
| **2 дози** | 58,4% | 46,7% |
| **3 дози** | 11,1% | 8,9% |
| **4 дози** | 0,59% | 0,47% |

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец јуни, до Институтот за јавно здравје не се пристигнати пријави за ***епидемии на заразна болест.***

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец јуни, пријавени се 2 смртни случаи од акутни заразни заболувања (без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ).

Првиот регистриран смртен случај во месец јуни е од бактериски менингит. Се работи за 55-годишно машко лице од Скопје кај кое симптомите на заболувањето започнале во месец мај. Пациентот бил хоспитализиран во КИБФС од 16.05.2023 година, а починал на 04.06.2023 година во болнички услови. Кај пациентот, покрај основната болест, регистриран е и коморбидитет.

Вториот регистриран смртен случај во месец јуни е од вирусен хепатитис Б. Се работи за 72-годишно машко лице од Битола кај кое симптомите на заболувањето започнале во месец февруари. Пациентот бил хоспитализиран во КБ Битола и трансфериран во КИБФС од 29.03.2023 година, а починал на 25.05.2023 година во болнички услови. Пациентот според возраста, не подлежи на имунизација согласно календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не бил вакциниран. Покрај основната болест, кај пациентот е регистриран и коморбидитет.

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на јуни, 2023 година во ИЈЗ се пристигнати 601 *Пријава за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на 9 ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=450; 74,9%), ЦЈЗ Куманово (n=54; 9,0%) и ЦЈЗ Битола (n=44; 7,3%). (*Табела 4 во Прилог).*

Најчесто пријавувани причинители во месец јуни се: *MRSA (n=253; 42,1%), HPV (n=72; 12,0%)* и *Salmonella enteritidis (n=38; 6,3%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, покрај *MRSA*, листа на резистенција е добиена за: *Escherichia coli, ESBL* и *Salmonella enteritidis.* Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје и ЦЈЗ Кочани.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец јуни, ***нема пристигнати пријави*** за заразни заболувања кај странски државјани кои престојувале во Република Северна Македонија.

Во текот на 2023 година, регистрирани се 7 пријави за акутни заразни заболувања, 3 пријави на ентероколитис, 2 пријави за АТИ и 2 пријави за хепатитис Б. Според земјата од која доаѓаат, 4 лица се од Германија, 2 од Косово и едно од Албанија.

***Кузмановска Г., Караџовски Ж., Ставридис К., Кочински Д., Ќирковиќ Колевска К., Трајковска И., Положани Е., Цветановска Ж., Столеска Илиоска Р., Исмани М., Чибишева Д., Биљали Е., Фејзула А.***